NLB Banka

Точка на дневен ред: **9**
Предлагач: **Акционери**

# Материјал за Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за именување член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Акционерите му предлагаат на Собранието на акционери да ја усвои следната

**Одлука за именување член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје**

Во прилог:
- Предлог-одлука за именување на __________ за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје;

Скопје, ноември 2020 година

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

### Предлог-одлука за именување член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на 30.11.2020 година ја донесе следната

### Одлука за именување член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

1. За член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје се именува:

   - ________________________________________.

   како замена за членот на Надзорниот одбор, Хедвика Усеник.

2. Мандатот за членот трае до завршување на мандатот на г-ѓа Хедвика Усеник, односно до 11.09.2021 година.

3. Се овластува Адвокатска канцеларија „Радојчиќ“ од Скопје да ја поднесе пријавата за упис на избраниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

4. Оваа одлука влегува во сила по добивање на согласност од Народната банка на Република Македонија за именување на членот на Надзорниот одбор.

Во Скопје, 30.11.2020 година

Одлуката да се достави до:
Сектор за правни работи и секретаријат
Народна банка на Република Македонија
Трговски регистар

Претседавач
Собрание на акционери
НЛБ Банка АД Скопје

**Образложение**

Потребата за именување нов член на Надзорниот одбор се остварува поради дадена оставка од функцијата член на Надзорниот одбор од г-ѓа Хедвика Усеник на 23.10.2020 година.

Согласно член 58 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, во случај на предвремено престанување на функцијата на член на Надзорниот одбор, на првата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетото место за остатокот на мандатот.

Имајќи ја во предвид одредбата од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, мандатот на предложениот член на Надзорниот одбор г. Борут Вујчич се определува за остатокот од мандатот на г-ѓа Хедвика Усеник, односно до 11.09.2021 година.

Оцената на соодветноста на г. Борут Вујчич за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје (индивидуална и колективна оцена), ќе се изврши најдоцна еден месец по неговото именување од Собранието на Банката, а пред добивање на претходна согласност на гувернерот на НБРМ за негово именување, согласно точка 19, став 1, алинеја 1 и став 2 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување на НБРМ од 06.02.2018 година.

Со ова, именувањето на г. Борут Вујчич за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје ќе стапи во сила по донесена одлука за позитивна оцена на неговата соодветност за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје и добивање претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија за именување на членот на Надзорниот одбор, со денот на добивањето на согласноста, согласно Законот за банки и Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.

Скопје, ноември 2020

# Борут Вујчиќ



Улица Јанеза Павла II 12, 1000 Љубљана, Словенија

<u>Лични податоци</u>:

Датум на раѓање: 08.08.1964 • Националност: Австрија
Пол: Машки • Брачна состојба: оженет

## Работно искуство

- НЛБ Скупина, Љубљана, Словенија

  **Регионален директор** (2020 година - денес)

  Одговорен за НЛБ Банка Скопје и НЛБ Банка Приштина

- НЛБ Леасе и Го д.о.о., Љубљана, Словенија

  **Член на Надзорен Одбор** (2020 година - денес)

- СКБ банка д.д., Љубљана, Словенија

  **Советник на Генерален менаџмент** (2019 до 2020 година)

- БРД Согелеасе ИФН, Букурешт, Романија

  **Главен извршен директор** (2017 до 2019 година)

- Социете Генерал, Париз, Франција

  Регионален **Супервизор** (2014 до 2017 година)

  Одговорен за Еуробанк во Полска, Социете Генерал Црна Гора и СКБ банка во Словенија

- Социете Генерал Гана Лтд., Акра, Гана

  **Заменик главен извршен директор** (2011 до 2014 година)

- Адванс Гана Заштеди и Заеми, Акра Гана

  **Неизвршен член на Управен одбор** (2011 до 2014 година)

*продолжува...*

- СКБ банка д.д., Љубљана, Словенија
  **Главен комерцијален директор** (2007 до 2011 година)
- СКБ Лизинг доо, Љубљана, Словенија
  **Главен извршен директор** (2004 до 2010 година)
- СКБ Лизинг доо, Љубљана, Словенија
  **Главен извршен директор** (2000 до 2003 година)
- Хипо Алпе Адриа Банка д.д., Љубљана, Словенија
  **Виш менаџер за корпоративни односи** (1999 – 2000 година)
- Хипо Алпе Адриа Банк АГ, Клагенфурт, Австрија
  **Проектен менаџер** (1998 до 2000 година)
- Хипо Алпе Адриа Банк АГ, Клагенфурт, Австрија
  **Менаџер за корпоративни односи** (1995 – 1998 година)

## Образование и Акредитации

Диплома за наука: бизнис и менаџмент

*Универзитет Мидлсекс, Лондон, Велика Британија*

**FORMULAR**

Za potrebni podatoci za kandidat za izbor na člen na Nadzoren odbor

| | |
|---|---|
| Ime I prezime | Borut Vujčič |
| Broj na akcii što gi poseduva vo NLB Banka AD Skopje | 0 |
| Broj na akcii što gi poseduva vo drugi društva | 2.152 akcij Societe Generale |
| Zaemi I drugi obvrski što gi ima kon NLB Banka AD Skopje | 0 |

Pod polna materijalna I krivična odgovornost gi potvrduvam podatocite zapišani vo ovoj Formular.

(potpis na kandidatot)